# ИЗВЕШТАЈ

# ЗА ИЗВРШЕНИТЕ АРХЕОЛОШКИ ИСТРАЖУВАЊА НА ЛОК. „ ГРАДИШТЕ“ – МЛ. НАГОРИЧАНЕ, 2019г.

Куманово, септември 2019

1. **Податоци за носителот на дозволата за археолошки истражувања**

Носител на дозволата за археолошки истражувања на лок. Градиште – Мл. Нагоричане, е НУ Музеј Куманово - Куманово.

2. **Податоци за истражувачкиот тим**

Истражувачкиот тим во кампањата 2019 го сочинуваа: Дејан Ѓорѓиевски –виш кустос археолог- раководител, Мирослав Петковски –кустос - археолог– раководител на сонда, Фросина Лазаревска – кустос - археолог,Славица Цветановска – архитект – документатор, Александра Апостолова – виш кустос – нумизматичар, Столе Петковски – фотограф.

3. **Приказ на применетата методологија, времето во кое работите се изведувани, обемот, правецот, организацијата и условите на археолошкото истражување:**

Според барањето од страна на НУ Музеј Куманово, УЗКН издаде дозвола за систематско археолошко истражување (УП бр. 08-444 од 17.06.2019) кое се одвиваше во периодот од **19.06.2019-10.07.2019**.

Методологијата применета во истражувањата во 2019 година подразбира детално истражување и документирање на сите културни слоеви во рамките на квадратните сонди, до утврдување на постоечката здравица или цврста архитектонска стуктура. Теренската документација се води со теренски дневник, во кои се забележуваат сите опсервации за културните слоеви, фото документацијата, и техничка документација за недвижниот и движниот материјал. Теренските основи се уредно исцртани на основи во размер 1:100,1:50, 1:20. Издвоениот движен материјал се фотографира и дообработува во теренски инвентарни книги. На движниот материјал ќе му претстои процес на конзерваторски третман поради состојбата во која е пронајден. Документацијата од истражувањето се состои од техничка документација и истата е направена и во дигитална форма.

Обработката на движниот материјал се изведуваше во НУ Музеј Куманово.

4. **Првични резултати и сознанија од истражувањето**

Локалитетот Градиште во с. Младо Нагоричане (y=75715, x=46709) се наоѓа во нивите помеѓу селата Макреш и Младо Нагоричане, општина Старо Нагоричане. Сместен е на истоимениот рид, северно од мостот над Пчиња, на магистралниот пат Куманово – Крива Паланка. Самиот рид се наоѓа во непосредна близина на левиот брег на Пчиња. До неговата јужна страна води земјен пат кој се дели од асфалтниот

пат Војник-Бајловце. Патот бил употребуван додека во подножјето на локалитетот егзистирале штали на макрешкото селско стопанство, како и за потребите на југословенската армија и каменоломот. Двете последни активности нанеле сериозни оштетување на локалитетот.
До неговата источна страна завршува дол кој тече од с. Стрновац, а кој селаните го користеле за наводнување на нивите крај Пчиња – на некои места се уште има вода во долот. Од север е одделен од ридот Среден рид преку друг, помал дол, додека западно од локалитетот се наоѓаат помали ритчиња и ниви од кои денес пристапот е најлесен. Меѓутоа, во периодот на користење на локалитетот, најверојатно пристапот го следел денешниот земјен пат кој го споменавме погоре, кој се протега од јужната страна на локалитетот,а завршува на западната страна . Оттука, благо се искачувал кон западното чело на населбата и преку неколку засеци во карпата излегувал на населбинското плато, протегајќи се по неговата јужна половина. Иако релативно низок (383,1), поради благите падини кои ја следат долината на Пчиња, локалитетот комуницирал со останатите локалитети западно (Костоперска Карпа) и јужно (Каљиште – с.Стрезовце, Градиште – с. Градиште итн.) од него, додека, поради релјефот, северно и источно од локалитетот визибилноста е многу помала.
Локалитетот е познат во литературата, пред се од извршените рекогносцирања. З. Георгиев го објавува под иметот „Градиште-Макреш" и ја дава прелиминарната стратиграфска слика на локалитетот (наоди од енеолитот и бронзеното време, железно време и античкиот – пајонски период), со укажувања за развиена населба од класичниот и хеленистичкиот период (З. Георгиев, Три предримски населби крај Пчиња, Годишен зборник на Филозофскиот факултет во Скопје, бр. 17-18, Скопје 1990-1991, Градиште – Макреш, 94-97, План 2, сл. 4-6.) В. Лилчиќ ги проширува овие сознанија, преку поекстензивен приказ на локалитетот, притоа објавувајќи и депо од 13 монети на Аудолеон (2 тетрадрахми, 1 дидрахма и 10 драхми), а прави и обид за лоцирање на храм на највисоката точка од локалитетот како и атрибуција на етничката припадност на населението како агријанско (http://www.reper.net.mk/2013/03/29/eden-agrijansko-pajonski-grad-na-pcinja-kumanovsko/).

Археолошките истражувања се одвиваа од 2014-2018 г. како капитален проект на Владата на Р. Македонија (носител на дозвола – НУ Музеј Куманово, раководител М. Јованов (2014-2017), Јовица Станковски 2018), и беа насочени кон откривање на највисокиот дел од локалитетот. Иако се уште не се публикувани, ископувањата резултираа со извонредни резултати – се открија градби со малтерни ѕидови, јонски капители и бази, системи за одвод на водата од акрополата, како и голема количина на импортирана керамика од југот. Евидентно е дека градбите настрадале во силен пожар, според некои претпоставки поврзан со келтските напади од 280-279, иако нашите претпоставки се дека населбата страдала нешто подоцна, во македонско-дарданските судири, 3-2 в. пр.не.е.

Истражувањата во 2019 г., се одвиваа на просторот кој започна да се истражува минатата година, кога беа поставени сондите 21/18 и 22/18 (кв. 8Д). Сондата 21 не даде резултати, но, во сонда 22 се откри основа на широк ѕид соѕидан од големи масивни блокови. Поради тоа, во 2019 поставивме две сонди (23/19 и 24/19) во квадрат 8Ѓ, се со цел да го откриеме целосно ѕидот.
Сондата 23/19 е поставена северно од сонда 22/18. За да ја поставиме во правец на ѕидот, претходно поставивме проширување (22а) за да бидеме сигурни дека ѕидот

не прави агол. Откако увидовме дека продолжува кон север, ја поставивме сондата 23/19 во кв. 8Ѓ, која е со димензии 5x5м. Сондата ја ископувавме со пробен ров кој го следи ѕидот. Него го има во целата должина на сондата и продолжува во сонда 24/19.

Земјата беше изразито компактна, со поголемо количество на покрупен камен. Таквата земја го претставува рушевинскиот слој, кој започнува веднаш со отстранување на билниот покривач. Слојот ја следи конфигурацијата на теренот, па е со најголема дебелина во јужниот дел од сондата (започнува од 376, 40, завршува со подното ниво – 375,24). Покрај самиот јужен профил, висината на културниот хоризонт е на самата површина на теренот, односно делови од откриениот ѕид (ѕид 3) беа видливи и пред отпочнување на ископувањето.

Ѕидот 3 се протега во правец север-југ, се јавува од висина 376, 40 (површински слој е 376, 43). Претставува сувоѕид кој е најсочуван во источната половина и е со дебелина од околу 70 см (неговото јужно чело не е откриено). Граден е од камен кој не е многу обработуван и е со различна големина, зарамнета е само страната кој е ставена како чело на ѕидот. Овој ѕид е сочуван до подното ниво кое е на висина 375, 21, односно во висина од ок. 120 см. Неговата источна половина лежи на под, које зарамнет и направен од тврдо набиена земја, мазнета и мешана со малтер, додека западната половина лежи на карпа. Се чини и дека карпата наместа е обработена и го следи правецот на ѕидот. Во западната половина ѕидот е оштетен и потесен (ок. 30 см). Се чини дека е обновуван, односно дека е двоен ѕид. Како таков е видлив во источниот дел, каде што е и подебел, додека на западната страна челото на ѕидот е повлечено кон југ, па се чини дека тоа е само внатрешната, јужна половина од двојниот ѕид, каде што не е доѕидуван со северната половина. Ѕидот 3 е во правилна насока север – југ и не е паралелен со масивниот ѕид (ѕид 1), кој има насока североисток – југозапад. Претставува поробусен и поедноставен ѕид во споредба со ѕидот 1.

Ѕидот 2 е откриен само парцијално, во должина од ок. 1,5 м, и тоа само неговото јужно чело. Претставува грубо формиран ѕид граден од необработени, големи камења, сочувани во 1-2 реда. Почнува од средината на сондата, и се протега од југоисток кон северозапад. Не е паралелен со ниту еден од ѕидовите во сондата. Поставен е врз еден од камените блокови на ѕид 1, што значи дека е од подоцнежната фаза од користење на локалитетот.

Ѕид 4 поставен во јужната половина на сондата, во правец исток-запад, во должина 1,5м. за негово формирање е искористен голем камен блок, убаво обработен, веројатно од првата фаза, истовремен со ѕид 1, и лежи директно на подното ниво. Врз него се поставени два необработени камења, а западно до него уште три вертикални, од кои средниот е обработен (375,85). Тие не лежат директно на подот, односно се од подоцнежна фаза, веројатно истовремена со ѕид 2, иако не градат прав агол со него.

Ѕид 1 е најстариот ѕид во сондата, кој се протега низ целата површина (правец југозапад-североисток). Сочуван е само во основа, ѕидан од големи, убаво работени камени блокови, со различни димензии. Претставувал скапа и тешка инвестиција, а слични зидови се јавуваат и во некои сонди на акрополниот дел. Ѕидот 1 го има во должина од 13м, во сондите 22,23 и 24. Скоро идеално е изнивелиран со подното ниво.

Овој ѕид (широк 70-80 см) продолжува и во сонда 24/19, во сосема ист опус и на исто ниво (375,21). Првиот блок е за околу1-2 см понизок, односно пропаднат во однос на следниот, веројатно поради помеко тло. Веднаш до вториот, постои уште еден блок кој е последен, и со кој завршува ѕидот со должина од 13м. На крајот од овој блок е поставен помал квадарен камен блок, со работени страни во анатироза (375,53).
Со овој камен завршува опусот на ѕид 1 со големи камени блокови. Но овој ѕид продолжува до крајот на сондата, со незначителна разлика во висина (пониско за околу 10 см) во друг опус – од поситен, неправилен камен со работено чело (ѕид 3). Овој опус е поширок за ок. 50 см (ок. 120 см). Иако е поширок, тој го следи правецот на големите камени блокови.
Врз овој опус се наоѓа уште еден, доста рустично формиран сувоѕид, со големо количество на кал и неработен камен – ѕид 2. Тој има иста ширина со работениот во анатироза камен блок (50 см) и висина 375, 60, односно камениот блок е искористен како почеток на овој ѕид, кој очигледно е од некоја подоцнезна фаза. Поубаво му е оформена само источната страна, додека западната е скоро деформирана и неправилна. На неколку места во оваа сонда подот е пробиен, и има поголемо количество на паднати камења и тегули. Поради малиот простор за работа, не можевме точно да ја определиме фазата од која се овие камења
Очигледно е дека во двете сонди постојат неколку фази на градење. Најстарата е секако поврзана со подното ниво и со ѕидот 1. Се работи за период кога локалитетот бил на врвот од својата економска моќ, односно кога се преземени повеќе градежни зафати кои се познаваат според опусот на градење со големи камени блокови, а се евидентирани и на врвот од локалитетот. Ѕидот од сонда 24, кој е сигниран како ѕид 3/24, кој е на исто ниво со ѕид 1, за сега не можеме да го датираме, односно да го доведеме во корелација со другите структури на локалитетот.

5. **Преземени мерки за заштита на наоѓалиштето и наодите**

Сондите се истражени до ниво на под или карпа. Констатираните ѕидни партии и делови од архитектура се покриени со земја. Движниот материјал е донесен во Н.У. Музеј Куманово, каде што во тек е негов конзерваторски третман.

6. **Податоци за земени и предадени примероци за понатамошни лабораториски анализи**

нема

7. **Место за депонирање на движните археолошки наоди, со копија од документацијата за извршеното примопредавање**

Сиот движен археолошки материјал ќе се чува во просториите на НУ Музеј Куманово, во Куманово, односно во институцијата која е носител на проектот.

8. **Образложение за евентуалните отстапувања од предвидените позиции од основниот план или од условите определени во дозволата за археолошки истражувања**

   Нема отстапки од основниот план за работа.

9. **Избор на теренска документација (копија од техничка документација и фотографии, односно фотоснимки, вклучувајќи и копија од обрасците), со која се илустрира целиот процес на реализација на истражувањето**

   Избор од техничката и фотодокументација е приложен понатаму во извештајот.

10. **Финансиски извештај**

    Доставен до Министерство за култура.

11. **Заклучни согледувања и предлози**

Истражувањата од 2019 г.на лок. Градиште – Мл. Нагоричане даваат нови сознанија за употребата на самиот локалитет. Утврдивме дека репрезентативни градби постојат и на пониските делови од локалитетот, а не само на акрополниот дел. Понатаму, повторно ја потврдивме тезата дека локалитетот не замрел одеднаш, туку постоеле повеќе фази на градбите. Тоа значи дека крајот на употребата на населбата не можеме да ја поврземе со келтската наезда, туку, поверојатно, со македонските акции против Дарданците.
За следните ископувања предлага дооткривање на структурите источно од масивниот ѕид, и доистражување на останатите сонди од локалитетот.